| European Bank for Reconstruction and Development | OHRIDSKA BANKA<br>SOCIETE GENERALE GROUP |
|---|---|
| Контакт: Аксел Реисерер<br>Тел: +44 20 7338 6741<br>E-mail: reiserea@ebrd.com | Контакт: Светлана Штерјова<br>Тел: +389 2 3167 709<br>E-mail: svetlana.sterjova@ob.com.mk |
| **ЗА ИТНА ОБЈАВА** | |

Датум: 18 Декември 2013

# Зајакнување на локалните македонски претпријатија

## *ЕБОР обезбедува 7милиони евра за кредитирање преку Охридска банка*

------------------------

ЕБОР ја зголемува поддршката на македонските претпријатија со две кредитни линии за Охридска банка Сосиете Женерал за кредитирање на локалните компании. Кредит во износ од 6 милиони евра ќе биде искористен за да се финансираат инвестиции за енергетска ефикасност, а вториот кредит во износ од 1 милион евра, ќе биде обезбеден за подобрување на конкурентноста на малите и средни претпријатија (МСП).

МСП се столбот на македонската економија, но пристапот до финансирање често пати останува главен предизвик. Поддршката на ЕБОР за овие компании е приоритет со цел да го промовира нивниот одржлив развој.

Подобрувањата на енергетската ефикасност се важен чекор во намалување на дополнителниот товар на растечките енергетски трошоци. Зголемента конкурентност е клучна за компаниите кои треба да опстојуваат под пазарните притисоци, особено во однос на земјите кои се отвараат за влез кон Европската Унија.

Анка Јоана Јонеску, Претставник на ЕБОР за Македонија истакна: „Ни претставува задоволство да ги обезбедиме овие кредити, бидејќи тие ја потврдуваат веќе етаблираната силна соработка со Охридска банка Сосиете Женерал и истите ќе придонесат за развој на реалната економија во Македонија. Земјата има силен претприемачки потенцијал, а нашата цел е да ја поддржиме трансформацијата на овој потенцијал во остварливи деловни активности.”

Јитка Пантучкова, Претседател на Бордот на директори, Охридска банка Сосиете Женерал додаде: „Охридска банка продолжува со интензивната поддршка на МСП. Четири години наназад нашиот раст во кредитирањето на МСП е над просекот во банкарскиот сектор. Со кредитните програми на ЕБОР, ја потврдуваме нашата подготвеност за одржување на зголемениот пораст на домашната побарувачка за кредитирање и новите деловни можности на пазарот. ”

Охридска банка Сосиете Женерал  е четвртата комерцијална банка по големина во Македонија,. Во изминативе години банката продолжи да се развива и да го зголемува присаството во земјата. Оваа развојна поддршка за локалните МСП игра клучна улога.

Кредитот од 6 милиони евра е доделен од Програмата за Западен Балкан за поддршка на финансирање на инвестициите во одржливите извори на енергија во регионот, додека 1 милион евра е обезбеден од Програмата за поддршка на приватниот сектор на Западен Балкан, како дел од програмата за поддршка на конкурентноста на МСП, наменета за поддршка на конкурентноста и одржливоста на МСП во новото регулаторно опкружување, во насока на подготовка за влегување во ЕУ.

ЕБОР започна со инвестирање во Македонија во 1993 година и до денес во земјата има потпишано над 80 проекти со нето кумулативен бизнис обем од над 1.1 милијарда евра.

###

*ЕБОР е во сопственост на 64 земји и две меѓувладини институции, го поддржува развојот на пазарните економии и демократии. Следете не́ на web, Facebook и Twitter.*